МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС>>

# МЦМС е-Билтен

Април 2009
БРОЈ 92

## Велешките претприемачи се обучуваа за фондовите на ЕУ



На 22 и 23-ти април, се одржа семинар „Вовед во Инструментот за прет-пристапна помош и во Програмите на заедницата (ИПА)" во Велес. На обуката учествуваа 15 претставници на МСП и Сашко Ристовски, раководител на Одделението за ИТ и локален економски развој во општина Велес.

Обуката треба да придонесе кон градење капацитет на малите и средни претпријатија (МСП) во општината Велес. На учесниците им беше овозможено да се стекнат со основни информации за инструментот ИПА и Програмите на заедницата, да се запознаат со можностите што тие им ги нудат и да стекнат основни вештини и знаења за аплицирање за фондовите преку пристап на Логичка рамка. Учесниците подготвија и пример на логичка рамка преку практични вежби.

Според оценката на обуката, учесниците беа задоволни од информациите и вештините со кои се стекнаа. За голем дел од нив ова беше прв семинар за ЕУ фондови и би сакале повторно да учествуваат по подолг и продлабочен семинар или обука на иста тема. Со тоа стекнатите вештините ќе можат да ги применат во користењето фондови за потребите на нивните претпријатија. Општината Велес, нарачателот на обуката, најави понатамошна поддршка на МСП во изградба на капацитети на МСП во општина Велес.

Обуката беше испорачана од Тања Хафнер Адеми, обучувачка за ЕУ фондови од МЦМС и Александар Гумберовски, надворешен обучувач.



# Дали сме општествено одговорни?

Македонскиот центар за меѓународна соработка по трет пат ја истражуваше општествената одговорност на граѓаните. Истражувањето беше спроведено преку теренска анкета во домаќинствата на национален репрезентативен примерок од 1.600 испитаници. Анкетата беше спроведена во март 2009 г.




### Одговорност за општествени прашања

Според истражувањето, 61,1% од граѓаните најпрво се чувствуваат како македонски државјани/граѓани, а потоа како припадници на сопствената етничка група.

Мнозинство од граѓаните (51,9%) се уште ја доживуваат државата како најодговорна во решавањето на општествените потреби. Мнозинство граѓани (64,3%) сметаат дека нов развој, вработување и оспособување на граѓаните се решени за проблемите. Вербата во солидарноста на граѓаните е зголемена на 49,3% од 39,3% во 2007 година и од 26,4% во 2004 година.

### Учество во непартиски, политички активности

Вкупно 40,4% од граѓаните изјавиле дека учествувале на протест (демонстрација, митинг). На протести учествувале повеќе мажите отколку жените (за 12,4%), повеќе етничките Албанци отколку етничките Македонци (за 13,4%) и повеќе оние со повисоко образование. Околу една третина од граѓаните потпишале петиција во последните 5 години.

### Учество во граѓанските организации

Малку граѓани се активни во граѓански организации. Секој четврти е член на граѓанска организација, а половина од нив се неактивни. Членувањето и во другите форми на здружување (цркви и верски заедници и синдикати) е слично. За разлика од нив, политичките партии мобилизираат повеќе граѓани. На секои 5 граѓани 2 се членови на некоја политичка партија, но сепак само 1 е активен. Само 10% од граѓаните практикуваат доброволна работа во граѓанските организации, а 17,2% во политичките партии.




### Учество на граѓаните во доброволни активности во заедниците

Истражувањето покажа дека граѓаните покажуваат мал интерес за активно вклучување во доброволни активности во заедницата. Помалку од третина од испитаниците (27,4%) изјавиле дека волонтерски се вклучиле во активности во заедницата. Мажите за 19,6% повеќе се вклучени во активностите во заедницата од жените.

### Ниво на социјализација

Граѓаните најчесто се дружат со членовите на потесното/поширокото семејство и пријателите. Една четвртина од граѓаните воопшто не се дружат со своите колеги од работа или струка надвор од работното време, а повеќе од половината воопшто не посетуваат организирани форми на дружење во заедницата. Половина од испитаниците најчесто ги посетуваат верските храмови неколку пати во годината.

### Добротворство

Расте бројот на луѓето што даруваат од 64,6 % минатата, на 70,9 % оваа година. Главниот мотив за дарување е солидарноста која пораснала од 36,3% минатата на 48,4% оваа година. Граѓаните најчесто даруваат пари, а вообичаената сума е од 100 до 500 денари. Вкупно 55,7% од испитаниците сметаа дека собраните прилози се употребуваат наменски.




### Одговорност за животната средина

Само еден од пет граѓани чувствува одговорност за зачувување на животната средина. На фабриките загадувачи треба да им се забрани работата додека не ги исполнат еколошките стандарди сметаат 80,7% од испитаниците. Овој процент значително се зголемува во вардарскиот регион (96,2%) каде граѓаните на своја кожа ги чувствуваат последиците од работата на фабриките загадувачи.

## Прва седница на новиот Совет

Новоизбраниот Совет на МЦМС на 15 април 2009 година ја одржа својата прва седница. Со седницата претседаваше Бехиџудин Шехапи. На седницата, на новоизбраниот состав му беше презентирана работата и организациската поставеност на МЦМС. Членовите на Советот го усвоија новиот Деловник за работа и дополнително вклучија два члена, со што се комплетираше составот на Советот. На крајот, членовите на Советот беа информирани за постапката на избор на Управен одбор на МЦМС.



## Одржлив развој и глобална правда

Одржливиот развој и глобалната правда беа прашањата расправани на меѓународната конференција во Берлин што се одржа од 27 до 29 април 2009 година.

Конференцијата ги собра претставниците на граѓанското општество, црквите и политиката од Германија и 20-на други земји во расправа за потребните структурни реформи за надминување на глобалните финансиски, економски и еколошки кризи. На конференцијата учествуваше и Сашо Клековски, МЦМС.

Основа за расправата беше извештајот „Германија одржлива во иднината", објавен во октомври 2008 г. Извештајот покажува факти и примери и повикува на расправа - како земјите можат креативно да ги надминат предизвиците на глобализацијата и како политиките и општеството можат да станат одржливи. Главни теми на конференцијата беа како да се употреби сегашната глобална криза за промени и трансформација, кои алтернативи постојат во сегашниот главен концепт за раст, кои чекори се важни за структурни промени на нашите општества, што може да се научи од постоечките примери и која треба да биде улогата на граѓанското општество.

## Студиска посета во Виена



*Учесниците посетија институции што работат на недискриминација*

Од 20 до 22 април 2009 г., во рамките на програмата „Македонија без дискриминација", беше организирана студиска посета во Виена, Австрија.

Целта на посетата беше да им ги претстави на учесниците системот и задачите на Агенцијата за фундаментални права (Fundamental Rights Agency) од Виена, а во насока на поддршка на реформите во македонскиот законодавен систем за еднакви можности што треба да придонесе за развојот и градењето на ефикасни и независни тела за еднакви можности.

„Имавме прилика да го видиме австриското искуство и нивниот модел во однос на заштитата од дискриминација со можност позитивната пракса да ја искористиме во Македонија при донесување на домашниот Закон за заштита од дискриминација", ни кажа Душко Миновски, државен секретар во Министерството за труд и социјална политика.

При студиската посета беа посетени институции на национално и регионално ниво. Освен АФП, беше посетена канцеларијата на Омбудсманот за еднаков третман. Учесниците имаа можност да се сретнат и со граѓански организации кои имаат директна соработка со овие институции. Исто така беше посетена и Асоцијацијата за недискриминација ЗАРА, која ги третира прашањата на лицата со посебни потреби. На студиската посета учествуваа претставници на државните институции и граѓанските организации: Душко Миновски, Весна Бендевска, Мирдита Салиу, Загорка Тноковска, Славица Бишевска, Снежана Теодосиевска-Јордановска, Мирјана Најчевска, Лулзим Хазири, Мухамед Точи и Наташа Постоловска.

## Граѓанското општество ги предизвикува властите



*Дебатите од конгресот беа пренесувани во живо на ТВ*

Амбициозниот настан насловен како Љубљана конгрес „Граѓанското општество ги предизвикува јавните авторитети" се одржа во Љубљана во периодот 16-18 април 2009 година, во организација на Европското движење, а со поддршка на Парламентот и Владата на Словенија, Европската комисија и градот Љубљана.

Целта на Конгресот е да се развијат препораки за националните власти во западен Балкан и Турција, како да го поддржат граѓанското општество во нивните земји.

Конгресот собра околу 200 претставници на ГО, парламентите и Владите од регионот. Од Македонија учествуваа претставници од МЦМС (Сашо Клековски) и три други организации, како и Јани Макрадули, потпретседател на Собранието и Ивица Боцевски, заменик претседател на Владата.

Г-н Јани Макрадули говореше за примери на партиципација на ГО во собраниската работа и изрази спремност за поголема вклученост на ГО во донесувањето на закони. Г-н Ивица Боцевски пак вниманието го привлече со ставовите за потреба од слобода на движење на луѓе (визна либерализација) како основа за развој на граѓанското општество.

Од другите искуства најмногу внимание привлече Хрватска со „хрватскиот модел". Според информациите од Невен Мимица, претседател на Одборот за ЕУ интеграции во Хрватскиот парламент и претставниците на Владата на Хрватска, 102 граѓански организации во Хрватска се вклучени во работата на 22 од 34 собраниски одбори, а од Буџетот се издвоени над 80 милиони евра за програмите на ГО. Конгресот заврши со изјава „Граѓанското општество и политиката: Трансформација на предизвикот во можност"

## Сашо Клековски - Копретседавач на заедничкиот консултативен комитет



*Миле Бошков, Слободан Антовски и Гордана Јанковска на средбата*

Македонската делегација во Заедничкиот консултативен комитет (ЗКК) на консултативната средба одржана на 14 април 2009 година го избра Сашо Клековски, прв извршен директор на МЦМС за ко-претседавач на Комитетот. ЗКК е заедничко работно тело на Република Македонија и Европскиот економски и социјален комитет (ЕЕСК). ЗКК работи на делокруг на прашања за соработката на Македонија и ЕЕСК, посебно поврзани со социјалниот и граѓанскиот дијалог.

Присутните се договорија дека македонската делегација ќе подготви свој деловник за работа, со кој ќе се уреди делокругот и начинот на работа. До подготовката на деловникот ко-претседавачот ќе ја координира македонската делегација, посебно во подготовка на седниците на ЗКК. Ко-претседавачот и секретарот ќе бидат одговорни за надворешна комуникација, вклучувајќи и со Брисел. Секретар на македонската делегација ќе биде Златко Симјановски од Министерството за труд и социјална политика. Првата средба на ЗКК ќе се одржи во Македонија.


**МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА**
ул. Никола Парапунов 6б, 1000 Скопје
тел: +389 2 3065381 | факс: +389 2 3065298 | www.mcms.org.mk | mcms@mcms.org.mk